До: Општина Чешиново-Облешево
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е

ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: **Васе Ефтимов**
Ул. Х.Т.Карпош 12, 2210 Пробиштип, 071237745, vasedreveno72@gmail.com

_____
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _____

_____
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Барам да ми дадете пристап до информација од јавен карактер колку услуги односно документи издава Општина Чешиново-Облешево за граѓаните и правните лица, да ги наведете таксативно сите услуги односно документи и кои услови и критериуми се потребни за секоја услуга односно документ поединечно.
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис
Васе Ефтимов

Во Скопје, 15.03.2024 година. _____
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 31-524/2
21.05.2024 год.
ОБЛЕШЕВО

До
Васе Ефтимов
Х.Т. Карпош бр.12
2210 Пробиштип

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, побаравме од Вас да го конкретизирате истото за да може да Ви се одговори на истото,

Во недостаток на Ваше дополнување, односно појаснување на Вашето барање, ќе се обидеме да дадеме одговор на истото:

Надлежностите на општините се утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен весник" на РМ бр.5/2002) – lex generalis. Согласно овој член од ЗЛС работи и општина Чешиново-Облешево и сите услуги, односно документи кои ги издава општината се во согласност со овој член од Законот за локална самоуправа.

Во зависност од тоа за каква услуга односно Барање се работи, потребно е да биде поднесено Барање од Барател (физичко или правно лице), доколку е потребно со пропратна документација (во зависност од Барањето), која е пропишана со Закон – lex specialis.

Основни акти – документи кои ги донесува општината се Статутот на општината и Деловникот за работа на оветот на општината.

Исто така еден од основните документи кои се донесуваат во општината е и Буџетот на општината за секоја календарска година посебно.

Од неодамна, во општина Чешиново-Облешево, како дел од општините од Источниот плански регион, дел од услугите кои ги нуди-дава општината се дигитализирани. Странките преку системот Е - услуги можат да поднесат соодветно барање на следниот линк: https://eservices.eastregion.mk/.

Исто така на Нашата web страна www.cesinovo-oblesevo.gov.mk, можете да најдете соодветни линкови за услугите (документите) кои дава – издава општина Чешиново-Облешево.

И тоа во делот на урбанизам - урбанистичко планирање можете да пристапите на следните линкови:

-https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%95-%d0%a3%d1%80%d0%b1%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d0%bc/

-https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%95-%d1%83%d1%80%d0%b1%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d0%b7%d0%b0%d0%bc/

-https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%95-%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b5%d0%b6%d0%bd%d0%be-%d0%b7%d0%b5%d0%bc%d1%98%d0%b8%d1%88%d1%82%d0%b5/

-https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%95-%d0%ba%d0%b0%d1%82-%d1%88%d0%b0%d0%bb%d1%82%d0%b5%d1%80/

-https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%93%d0%98%d0%a1-%d0%a7%d0%b5%d1%88%d0%b8%d0%bd%d0%be%d0%b2%d0%be-%d0%9e%d0%b1%d0%bb%d0%b5%d1%88%d0%b5%d0%b2%d0%be/

https://zels.gradezno-zemjiste.mk/

https://e-stvari.mk/

Во делот на даноци можете да пристапите на следниот линк:

https://cesinovo-oblesevo.gov.mk/%d0%b4%d0%b0%d0%bd%d0%be%d1%86%d0%b8/

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефон/факс: (033) 351-770
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: info@cesinovo-oblesevo.gov.mk

Во делот на заштита на животната средина, општината во согласност со Закон издава Б – интегрирани еколошки дозволи. На следниот линк е опишана постапката за издавање на истите:
chrome-extension://efaidnbmnnnibpcajpcglclefindmkaj/https://zels.org.mk/Upload/Documents/01Priracnik_MK.pdf

Во делот на ЛЕР, по поднесено Барање од странки се издава потврда дека проектот е предвиден во Стратегијата за ЛЕР на општината.

Општината постапува и по поднесени претставки и предлози, во согласност со Закон.

По поднесено Барање може да се донесе и Решение за финансиска помош на социјално загрозена категорија на граѓани.

Исто така по поднесено Барање може да се донесе Решение во случај на елемнтарна непогода.

Општината постапува и по разни други Барања и предлози на граѓаните, кои се во согласност со надлежноста на општината.

Како број кој Вие барате да го наведеме колку документи, односно услуги се издаваат во општината, не постои конкретен број бидејќи со текот на работата се јавуваат разни барања-постапки по кои општината треба да постапи.

Доколку Ве интересира постапката за издавање на некој конкретен документ, слободно обратете се во општината и ќе го добиете конкретниот одговор за истото.

Со почит,

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Изготвил: